# Панпојесис – Идиличноста во теоријата и во поезијата [1]

Јелена Пилиповиќ
Филолошки факултет
Универзитет во Белград
irida@yubc.net

*Клучни зборови: супрагенерички, интертекстуален, идиличност како појава, метатекст, песна, поема*

Овој труд е посветен на теорискиот проблем на *идиличноста* - сфатена како надгенеричка суштина на уметничкото дело, што надминува било какво контекстуално, или генеричко ограничување, а којашто е забележана во платоновиот поим на *ејдос*, а потоа и формулирана од Едмунд Хусерл како *ејдетска суштина*. Пристапот е главно теориски и споредбен, а истражувањето се темели на генеричките теории на Гете, Шилер, Хегел, Штајгер, Жене, како и на интертекстуалните теории на Кристева, Рифатер, Еко, Жене. По прегледот на историјата на античките идеалистички теории и на раѓањето на самата идила, овој труд ги истражува корените на идиличноста во делата на Платон (*Политеја, Фајдрос и Критија*), потоа во рамките на Аристотеловиот поим на *vita contemplativa* (*Никомахова етика* и *Политика*) и во Епикуровиот концепт на *метакосмос* и во неговата етика на хедонизмот (*Писмото до Менојкес* и *De rerum natura*). Корените на идиличноста во поезијата можат да се најдат во двата епа на Хомер: во екфразата на штитот на Ахил и во описите на измислените острови во *Одисеја*.

Главното обележје на идиличноста како појава се препознава како флуктуација помеѓу различни облици, или суштества од различни *рамништа*: растенија, животни, и диви и домашни, луѓе, дајмони и богови. Попрецизно кажано, се издвојуваат четири темелни аспекти: идилична митологија, хронотоп, мимеса и семантика. Слободната флуктуација има посебна творечка димензија: една од најавтентичните особености на идилата е нејзината интратекстуална употреба на поезијата. Во овој труд оваа појава се именува со соодветен (но, речиси заборавен) назив - панпојесис, со кој се сака да се изрази постојаноста и сеприсутноста на песната, на пеењето и на пеачите во фиктивниот простор. Песна во песна, еп во еп, станува не само структурно, туку и естетичко procédé, што ја трансформира секоја идила во метатекст, а нејзиниот внатрешен простор во метареферентно јадро. *Панпојесис* се препознава како нешто најсуштествено за идилата и како темел на надгенеричката идиличност. За обработка одбраните песни од Теокрит (*I, III, VII, XI Идила*) и од Вергилиј (*I, IV, V Еклога*), како и пасторалниот роман од Лонго, *Дафнид и Хлоја* опсежно се анализирани не само заради нив самите, туку со цел да се испита панпојесис и нејзините мени низ интертекстуалниот развој. Некои одбрани делови од *Во потрага по изгубеното време* од

Марсел Пруст служат за да потврдат дека идиличноста е многу поплодна и потрајна од идилата како книжевен вид, што ја надживеала со векови, а благодарение на метатекстуалноста на *панпојесис*, таа е духовно блиска со модерната и постмодерната книжевност.

## Белешка:

[1] Издадена под наслов: *Орфејев век,* Филолошки факултет - Мали Немо, Београд-Панчево, 2005.